Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневните настани 27.08.2021

На 26.08.2021 во 14.07 часот во СВР Штип, од Казнено-поправната установа Затвор Штип било пријавено дека во просторија во полузатворено одделение биле пронајдени неколку пакувања прашкаста материја. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2021, полициски службеници од Полициската станица Центар привеле малолетник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по член 237 од Кривичниот законик. Околу 12.30 часот кај Зелено пазарче тој физички ја нападнал Ј.С.(79) од Скопје и й одзел пари. Набрзо потоа, тој бил пронајден и приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.08.2021 во 21.30 часот на граничен премин „Деве Баир", полициски службеници го лишиле од слобода А.А.(41) од Република Албанија, кој управувал патничко моторно возило „нисан кашкаи" со бугарска национална ознака, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" односно употреба на фалсификувана албанска возачка дозвола. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Кратово за понатамошна постапка.

На 26.08.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со бразина поголема од дозволената. Притоа, беше констатирано дека 31 возачи ја пречекориле дозволената брзина, од кои во населено место 11 и 20 надвор од населено место. Откриени се и 31 други прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 26.08.2021 во 08.25 часот било пријавено дека во Струга, на регионалниот пат P1208 се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „фолксваген голф" со дебарски регистарски ознаки, управувано од Ј.Л.(39) од Дебар и патничко моторно возило „пежо 206" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(42) од Охрид. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил А.Р., двајца сопатници од истото возило Х.Р.(36) од Охрид и Л.Ц.(42) од с.Пештани и уште еден сопатник од патничкото возило "фолксваген голф", Ј.А.(41) од Дебар констатирани во специјалната болница „Св.Еразмо"во Охрид. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Струга.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (26.08.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 128 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 41 санкција, 11 за возење без возачка дозвола, три за некористење сигурносен појас, четири за користење мобилен телефон, шест за нерегистрирани и технички неисправни возила, 42 за непрописно паркирање.
На 26.08.2021 во 16.00 часот било пријавено дека на крстосницата од ул. „Бледски Договор" со ул.„Драгиша Мишовиќ" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „камачи" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.М.М.(36) од Скопје и патничко моторно возило „фолксваген лупо" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(56) од Скопје. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „8-ми Септември". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.08.2021 во 00.30 часот на магистралниот пат Градско – Прилеп, патничко моторно возило „фолксваген поло" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Д.М.(23) од Росоман, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката во возилото З.Б.(18) од с.Трстеник, констатирани во болницата во Кавадарци. Бил извршен увид на местото на настанот.

На 26.08.2021 во 09.30 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.К.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„23-ти Октомври" на кеј на река Вардар бил каснат од куче скитник.

На 26.08.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.Ѓ.(75) од Скопје пријавила дека на бул.„Видое Смилевски-Бато" била каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото денонокие (26.08/27.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 94 прекршоци.

На 26.08.2021 во 09.30 часот на граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода В.С.(20) од Пакистан поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". При контрола и проверка било утврдено дека на увид приложил фалсификувана грчка лична карта. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Куманово за понатамошна постапка.
Денеска (27.08.2021), Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи во координација со ОВР Гевгелија, го лишија од слобода И.Г.(46) од Богданци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени предмети во кои имало листови канабис и неколку саксии со стебла од канабис. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.М.(38) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, на парцела во Охрид, како инвеститор, без одобрение за градба изградил станбен објект.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.А.(44) од Гостивар поради постоење основи на сомнени за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 12.08.2021, полициските службеници од ОВР Гостивар извршиле контрола и не го затекнале пријавениот во домот и покрај тоа што бил лабораториски потврден случај на Ковид 19 и имал решение за домашно лекување и изолација.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Х.(32) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 28.05.2021, Р.Х.(42) од с.Добросте, тетовско, со привремена работа надвор од Република Северна Македонија, преку социјалните мрежи се договорил со пријавениот, сопственик на браварска фирма, за сума од 1600 евра да му изработи и монтира стаклена ограда за скалите во куќата, по што братот на Р.Х. му дал капар на А.Х.. До 30.06.2021, пријавениот не се јавувал на телефон, не ја завршил работата, нити пак му ги вратил парите кои му биле дадени како капар.

На 27.08.2021 во периодот од 03.20 до 03.40 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода М.С.(31) ,В.Г.(30) и Б.Б.(24), сите од Прилеп, затоа што претходно на бул.„Гоце Делчев", по кратка расправија, физички го нападнале В.Н.(28) од Прилеп, а еден од нив му се заканил со пиштол, по што испукал неколку куршуми во воздух и во земја.По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.08.2021 во 01.20 часот во с. Подвис, полициски службеници од Полициското одделение Кривогаштани го лишиле од слобода П.И.(45) од с.Подвис затоа што претходно со оружје се заканувал на П.М.(37) од с.Подвис. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.08.2021 во 19.25 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода М.Ж.(61) од Битола затоа што претходно во семејниот двор физички и со остар предмет го нападнал неговиот роднина В.Ж.(57) од Битола. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.08.2021 во 11.16 часот во Полициската станица Чаир, вработен како обезбедување во банка на ул.„Радишанска" пријавил дека непознат сторител оштетил банкомат на банката, но не одзел ништо. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.08.2021 во 02.10 часот во СВР Скопје, А.С.(42) од Скопје пријавил дека на 26.08.2021 околу 21.00 часот, неговиот малолетен син бил физички малтретиран од тројца малолетници. Исто така, според пријавеното, еден од нив со закана му побарал да му даде пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.08.2021 околу 02.00 часот, полициски службеници од полициската станица Центар го лишиле од слобода О.А.(21) од Скопје затоа што околу 01.10 часот се обидел со остар предмет да ја нападне И.Р.(20) од Скопје, со која се знаеле од претходно. Кај него бил пронајден и одземен нож на расклопување, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.08.2021 во СВР Скопје, од Јавна установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушително поведение било пријавено дека нивниот штитеник С.Ј.(13) од Битола самоволно се оддалечил од установата. Тој и претходно повеќе пати се оддалечувал од установата и бил пронаѓан.

На 26.08.2021 во 15.50 часот во СВР Скопје, Н.С.(46) од с.Грчец, скопско, пријавил дека околу 11.30 часот во с.Сарај, скопско, неговиот малолетен бил физички нападнат од Н.С и уште три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Т.(31), Ж.С.(30) и М.Т.(30) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 04.08.2021 во угостителски објект во Охрид пријавените физички го нападнале А.П.(21) од с.Куратица.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Љ.(42) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење". На 08.07.2021 на патот Јажинце –Тетово, во с.Вратница, полициски службеници извршиле контрола во возилото „фолксваген", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле разновидна трговска стока во вредност од 345.200 денари, која ја донел од Косово.

СВР Велес поднесена кривична пријава против Ф.Д. (32) од с.Горно Јаболчиште, велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.11.2020 во близина на брана Лисичиште, полициски службеници извршиле претрес во возилото „фолксваген голф", управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ф.Џ. од с.Биџево, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.02.2021, полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории на пријавениот во с.Биџево, при што пронашле правна рамка од автоматска пушка и дел од огнено оружје забранет за набавка .

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против С.М.(27) од с Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 12.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом во с.Врапчиште и покрај тоа што имал решение за домашно лекување и изолација.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет